**20141605006**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2014 година.

Бр. 07-4078/1
29 октомври 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

Член 1

Во Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 98/2008,145/10, 104/13, 187/13 и 43/14), во член 6 став 1 во алинејата 2 по зборот „постапка“ се става запирка и се додаваат зборовите: „освен одземената дрвна маса согласно закон“.

Во алинејата 3 по зборот „постапка“ се става запирка и се додаваат зборовите: „освен одземената дрвна маса согласно закон“.

Член 2

Во членот 13 по зборот „тоа“ се додаваат зборовите „Претседател и четири члена“, а зборовите: „по еден член на предлог на Министерството за правда, Министерството за финансии, Државното правобранителство, Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Македонија“ се бришат.

Член 3

Во член 14 во ставот 1 пред зборот „Членовите“ се додаваат зборовите: „Претседателот и“.

Во членот 14 ставот 2 се брише.

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 2 и 3.

Член 4

Во членот 34 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„За продажба на одземени предмети - движни ствари одлука донесува Управниот одбор на Агенцијата“.

Член 5

Во членот 43 по ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5, кои гласат:

„Ако одземената недвижност не може да се продаде и на второто јавно надавање Агенцијата ќе закаже трето јавно наддавање по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија, со почетна цена на предметната недвижност намалена за една четвртина од проценетата вредност.

Од второто до третото јавно наддавање мора да изминат најмалку 15 дена , но не повеќе од 45 дена“.

Ставовите 4,5,6 и 7 стануваат ставови 6,7,8 и 9.

Во ставот 8, кој станува став 9, бројот „7“ се заменува со бројот „9“.

Ставовите 9,10,11 и 12 стануваат ставови 11,12,13 и 14.

Член 6

Членот 46 се менува и гласи:

„За недвижностите кои не можат да се продадат и на второто јавно наддавање Агенцијата доставува барање до Владата на Република Македонија за согласност за продажба на недвижните ствари на трето јавно наддавање.

Во случај Владата на Република Македонија да не даде согласност за продажба на недвижните ствари на трето јавно наддавање од став 1 на овај член , на предлог на Агенцијата Владата на Република Македонија донесува одлука за користење на недвижните ствари на државни органи, фондови, агенции, дирекции, јавни установи, независни регулаторни тела основани од Република Македонија, трговски друштва основани од Република Македонија и други основани од Република Македонија, како и на единиците на локалната самоуправа “.

Член 7

Во членот 51 по зборот „органи“ се додаваат зборовите: „јавни установи основани од државата,“.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.